Врз основа на член 9 став 2 и член 11 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници кои ја загрозуваат целата земја ("Службен лист СФРЈ", бр. 74/89) сојузниот секретар за земјоделство, донесува

## 2.3. ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ КОИ МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СКЛАДИШТАТА И ДРУГИ ПРОСТОРИИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ЗА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ РАБОТИ ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ДЕЗИНСЕКЦИЈА НА РАСТЕНИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРИИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите кои во поглед на изградба и техничка опременост за вршење дезинфекција, дезинсекција и дераризација мораат да ги исполнуваат складиштата и другите простории за сместување на растенијата (во понатамошниот текст:складишта) и условите кои во поглед на кадар и техничка опременост мораат да ги исполнуваат организации, односно други правни лица кои вршаат работи за дезинфекција и дезинсекција на растенија и дератизација на простории за сместување на растенија (во понатамошниот текст : ДДД органицации).

### Член 2

Складшта, покрај општите санитарно - хигиенски услови, мораат да ги испшолнуваат и следните услови:

1.да се изградени на начин и од материјал со кој се спречува влез на птици, глодари и други животни,

2. внатрешните површини на зидовите и подот да се изградени така да се оневозможи задржување на прашина, други нечистотии и остатоци од складираните растенија,

3. да се заштитени од продирање на влага,

4. новоизградените објекти да се просторно одалечени најмалку 100м од населено место земјоделски објекти (фарми) поради несметано вршење на дезинсекцијата со нфумиганти,

5. постоечките објекти да обезбедат сигурност за околината во текот на вршењето на фунигацијата,

6. да имаат соодветни урегаи за врнтилација која е неопходна после вршењето на дезинфекцијата и дезинсекцијата.

### Член 3

Во поглед на капацитетите и опремата за дезинсекција, складиштата мораат да ги исполнуваат следните услови, односно мораат да имаат:

1. силоси со капацитет од 25.000 тони-најмалку еден дозатор за примена на фумиганти или течни инсектициди, а за секој нареден 25.000 тона уште по еден таков дозатор,

2. подни складишта и објекти-повеке сонди за внесување на инсектицидите на секои 100 тона корисна запремина и 100м2 пластична фолија на секои 1000тони капацитет,

3. складишта за сместување тутун капацитет преку 500 т- урегаи за дезинсекција, а складиштата капацитет преку 5000т. - урегаи за дезинсекција на принцип комора со урегаи за загревање до 50 ° сС.

### Член 4

Складиштата мора да имаат и урегаи за влажна и сува дезинфекција и дезинсекција на растенија и внатрешни површини на објектите (прскалици, оросувачи, замагливачи, запрашува и друга опрема) и пластични и други садови.

**Член 5**

Складишта во кои се врши дезинфекјција, дезинсекција и дератизација мора да имаат посебни простории за административните работи и санитарен чвор со топла и ладна вода, како и простории за сместување на урегаите, опремата и средствата за заштита на растенијата.

**Член 6**

Во складишта во кои растенијата се чуваат во вреки, кутии и сандаци мора да има изградена посебна просторија за дезинсекција на амбалажа со фумиганти, односно средства во облик на гас.

Амбалажата за транспорт и складирање на растенија кои повеке нема да се користат за таа цел мора да се стават во посебно ограден простор надвор од складиштето и да се употребат за друга намена или да се уништат.

**Член 7**

Дезинфекција, односно дезинсекција на објекти мора да се врши пред да се внесат растенијата. Исклучок, дезинфекција, односно дезинсекција на складишта кои се полнат и празнат повеке пати во текот на годината, како и машини и урегаи за преработка, доработка, манипулирање и транспорт на складираните растенија се врши по укажана потреба.

Дезинсекција на складираните растенија се врши кога ке се утврди присуство на складишни штеточини.

**Член 8**

Организации, односно корисници на складишта должни се да водат евиденција за извршената дезинфекција и дезинсекција на растsенија и дератизација на простории за секое складиште посебно, на образец ДДД кој е прилог на овој правилник и е негов составен дел.

**Член 9**

Заради спречување на појавата и за сузбивање на растителните болести и штетници и глодари, ДДД организации покрај општите услови мораат да ги исполнуваат и следните посебни услови, односно мораат да имаат:

1.за вршење дезинфекција:

-урегај за влажна или сува дезинфекција на семе, односно саден материјал,

-моторно прскалица, рачна превозна или грбна прскалица и оросувач,

-доволен број пластични и други садови за припремање на течноста за прскање,

2. за вршење дезинсекција:

- урегај, односно дозатор за уврлување средства за заштита на растенијата кои делуваат во облик на гас,

- урегај, односно дозатор за примена на течни средства за заштита на растенијата за директно третирање на зрнаста роба,

-моторни и рачни замаглувачи,

-запрашувач со капацитет најмалку од 5кг.,

-моторна прскалица, рачна, превозна или грбна прскалица и оросувач и доволен број пластични и други садови за припремање на течности за прскање,

3. за вршење дератизација:

-комплед садови или друга опрема засобирање и отклонување на остатоците од затровениот мамец или течности и мртвите глодарри,

-вага за размерување на средства за заштита, односно припремен мамец или течност,

4. за утврдување присуство на гас во третираниот објект и пртевозно средство,:

-за цијановодонична киселину и нејзините соли -комплет лакмус-хартија, со соодветен раствор за детекција на гас, или цевки и апарат за иста намена,

-за метилбромид-комплет цевки со апарат за детекција на гас и лампа за детекција или анализатор за гас,

-за фосфор-водород-апарат за детекција на гас, со соодветни цевки за мерење на различни концентрации на гас.

**Член 10**

Работници кои вршат дезинфекција, дезинсекција и дератизација мораат да имаат соодветна заштитна опрема:

1. заштитно одело од импрегнирано платно или друг соодветен материјал,
2.респиратор за работа со цврсти формулации на инсектициди и нфингициди,
3. гас-маски со резервни филтри за разни врсти средства за заштита на растенијата кои делуваат во облик на гас, ако за дезинсекцијата се користат такви средства,
4. заштитни наочари,
5. обични технички ракавици,
6. гумени чизми,
7. прирачна апотека за пружање прва помош со потребни антидотима (противотрови) за случај на тровење при вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

**Член 11**

Покрај урегаите и опремата од член 9 и 10 од овој правилник, ДДорганизациите кои вршаат дезинсекција со цијановодонична киселина и нејзините соли, фосфор-водород, метилбромид и дихлорвос мора да бидат регистрирани за работа со отрови од И група на отрови.

**Член 12**

Работници кои работат со сртсдства за заштита на растенијата и урегаите и опремата за работа со тие средства мораат да го знаат начинот за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација, отровноста, начинот на делување и припремање на сретствата за заштита на растенијата кои се употребуваат, ракување и мерки за заштита од тровење при работа со тие средства, опасноста за животната средина од нерационална примена на тие средства, како и начин на ракување со урегаите и опремата за нивна примена.

**Член 13**

Исполнувањето на условите од овој правилник ги контролира републичи односно покраинскиот орган надлежен за работите од заштита на растенијата.

**Член 14**

Овој правилник влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во,, Службен лист на СФРЈ,,.

**Образец ДДД**

**Е В И Д Е Н Ц И Ј А**
**ЗА ИЗВРШЕНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА НА СКЛАДИШТА**

1. Назив и локација на складиштето --------------------------------------------------

2. Врста на складираното растение
или растение кое ке се складира -----------------------------------------------

3. Количина на третираното растение
Или запремина на складиштето -----------------------------------------------

4. Назив на средството со кое е
Вршено третирање ------------------------------------------------

5. Начин и доза за примена на
Сртедството -----------------------------------------------

6. Време на третирањето -----------------------------------------------

7. Врста на растителни болести и
штеточини против кои се
применуваат -----------------------------------------------

8. Препорачани мерки на опрезност
после примената ------------------------------------------------

9. Датум на вршење на дезинфекцијата,
дезинсекцијата или дератизацијата -----------------------------------------------

Потпис
Одговорно лице

М.П.